Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот -
I 1000 Скопје поднесено на 22.12.2023 година, имателот на информацијата Министерство за економија го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од
Скопје по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: „Пополнување на прашалникот, во прилог на барањето, во однос на имплементацијата на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 и Националниот акциски план 2022-2024“.

Се УВАЖУВА целосно.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од
18/1-11 1000 Скопје
имателот на информацијата Министерство за економија

**ВО СЛУЧАЈ НА УВАЖУВАЊЕ**

Ве известува за следното: јавен повик за субвенционирање на микро, мали и средни претпријатија- 22 субвенционирани жени претприемачи во износ од 4.954.279 денари. Јавен повик за субвенционирање на занаетчии – 13 субвенционирани жени претприемачи во износ од 692.748 денари. Јавен повик за кофинансирање на проекти за развој и промоција на претприемништвото и занаетчиството, како и програмски активности на мрежите на бизнис ангели - 7 проекти за жени во износ од 1.672.360 денари. Јавен повик за субвенционирање на женско претприемнишво за дигитиализација на деловни процеси – 1 субвенционирана жена претприемач во износ од 156,040 денари. Во Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на МСП за 2024 година, која е во процес на изработка ќе има мерка за Финансиска поддршка за женско претприемништво, како и стимулативни критериуми во другите мерки доколку претпријатието кое аплицира е во сопственост и управувано од жена (над 50%).

Во однос на мерката Финансиска поддршка за женско претприемништво во туризмот во 2023 година беа предвидени 1.500.000 денари. Предмет на мерката е субвенционирање на туристички претпријатија во сопственост на жени (над 50%) и управувани од жени, државјани на Република Северна Македонија, преку кофинансирање на 50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 100.000,00 денари, направени за следните намени:
- набавка на опрема и алати;
- уредување/подобрување на деловниот простор или
- одржување на обуки за вработените за подобрување на квалитетот на услугата.

За реализација на активноста, Министерството за економија објави јавен повик на кој имаа право да аплицираат сите правни субјекти во сопственост (над 50%) и управувани од жени кои се

регистрирани соодветно на наведената дејност. Мерката е реализирана значително и за истата се одобрени средства на 8 поднесени апликации со вкупен износ од 658.042,00 денари.

Во прилог ви се доставува и поплнетиот прашалник кој беше составен дел од барањето .

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерство за економија на 28.12.2023 година, под бр. 15-4780/2.

**Kreshnik Bekteshi**
**МИНИСТЕР,**
**MINISTËR**

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Верица Поп Ѓорчева, Виш соработник